anne frank house




HISTORIJA ISTORIJA POVIJEST

COMPETITION!



# За проектот ХИП

Проектот „Хисторија, Историја, Повјест – Лекции за сегашноста“ е започнат во 2015 година, со великодушна поддршка од Европската унија, со цел да се продуцираат оригинални и педагошко - иновативни образовни материјали за историјата од последните 60 години од регионот на поранешна Југославија.

Имплементиран од „Куќата на Ана Франк“ (Холандија), со локалните партнери од Хрватска (HERMES), Босна и Херцеговина (YIHR и HIA), Македонија (МОФ) и Србија (ОК). Проектот успешно продуцираше повеќе од 20 наставни планови, видеа, временски картички и други образовни материјали.

Материјалите може да се пронајдат на веб страната на проектот:

**www.historijaistorijapovijest.org/mk**


Овој проект е финансиран од Европската унија. Содржината на оваа публикација е исклучиво одговорност на авторите и на ниту еден начин не може да се земат како ставови на Европската унија.

## Натпревар за наставници

Ни претставува чест да споделиме со вас можност за поднесување на нови наставни планови за наставници од Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија и Србија, во една од следниве категории:

### 1. Оригинален наставен план кој се однесува на историјата (која било епизода/настан/тема) од последните 60 години во регионот

**Ве молиме:**

- Не репродуцирајте веќе постоечки теми од наставните планови на ХИП кои во моментов се претставени на веб страницата – Обидете се да предложите тема која до сега не е покриена.
- Користете го истиот формат/примерок на наставен план, како наставните планови кои се наоѓаат на страната.
- Вклучете мултиперспективност и предложете оригинална тема и методолошки пристап.

### 2. Оригинален наставен план на тема „Соочување со историјата“

**Како да предаваме „непријатни“ факти, особено за сопствената национална историја? Што е целта од соочување со историјата и како може да се направи тоа преку историски лекции во училниците?**

**Ве молиме:**

- Фокусирајте се на историјата од последните 60 години на територија на бивша Југославија.
- Користете го истиот формат/примерок на наставен план, како наставните планови кои се наоѓаат на страната.
- Вклучете мултиперспективност и предложете оригинална тема и методолошки пристап.

### 3. Оригинален извештај и евалуација за имплементацијата на еден од постоечките ХИП наставни планови во вашата училница.

**Услови:**

Сите предлози треба да бидат доставени до 15 ноември 2016 до 20:00 часот на I.Gabalova@annefrank.nl и M.Nenadovic@annefrank.nl.

Овие предлози треба да ги следат дадените инструкции и треба да бидат поднесени на албански, англиски, босански, хрватски, македонски или српски јазик. Победниците во категориите 1 и 2 ќе добијат хонорар од 500 евра за прво место и 250 евра за второ место. Најдобрите поднесоци во третата категорија ќе добијат хонорар од 100 евра.